Број: 11 -7754/1
Датум: 20.11.2023
Скопје

Врз основа на член 22 , став 1, точка 7 и точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/02), а во врска со Глава II. Проектни активности , точка 7. Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “ од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година („Службен гласник на општина Карпош“ бр. 25/2022), Општина Карпош објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
### За доделување на еднократна парична помош по повод 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “

Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година, се објавува јавен повик за доделување на еднократна парична помош по повод 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “

I. Право на остварување на еднократна парична помош имаат лица со попреченост , жители на Општина Карпош

II. Потребни документи

За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање:

-лична карта ( подносителот да е жител на Општина Карпош )
-трансакциска сметка ( на име на подносителот на барањето)
-наод и мислење за вид и степен на попреченост во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби или конзилијарно мислење/наод за остварување на право на додаток за попреченост во прв степен или друг документ со кој се потврдува видот и степенот на попреченост

III. Висина на финансиката поддршка

Висината на еднократната парична помош изнесува 3 000,оо денари

IV. Начин на пријавување

Комплетната документација се поднесува во архивата на Општина Карпош на Ул. „ Радика “ бр. 9 , барака 2.

V. Повикот е временски ограничен и трае од 20.11.2023 година до 15.12.2023 година

ОПШТИНА КАРПОШ